СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

| |
|---|
| 0302-139-1/18 |
| Скопје, 20.12.2018 |

**До: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**ул. Аминта Трети бр. 2**
**1000 Скопје, Република Македонија**

**За: г. Љупчо Николовски, министер**

**Предмет: Мислење кон Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој**

Почитуван г. Николовски,

Би сакале да искажеме благодарност за досегашната соработка која ја оствaруваме и која се надеваме дека успешно ќе ја спроведуваме и во иднина.

Ве информираме дека во врска со објавениот Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија (ЕНЕР), Сојуз на стопански комори на Македонија спроведе консултации со компаниите членови и за таа цел го проследуваме нашето мислење.

**Мислење:**

Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој предвидува целосно бришење на законските одредби согласно член 99 кој гласи "Помош за загуби предизвикан од природни непогоди и неповолни климатски настани е помош на земјоделски стопанства за загубите на земјоделски растенија и животни на земјоделски имот", како и за штети на стакленици и пластеници предизвикани од неповолни временски настани и член 99-б кој гласи "Дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани за лицата кои не се корисници на средства" согласно членот 14 од овој закон. Врз основа на укажаното во Извештајот за регулативата, помошта за земјоделските стопанста ќе биде уредена со Законот за заштита и спасување бидејќи во изминатите години реализирањето на истата предизвикала негативни ефекти за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во оваа насока, би сакале да укажеме на потребата да планираниот пренос на надлежност е неопходно да се одвива паралелно и потребно е да се пристапи и кон измената на Законот за заштита и спасување, се со цел во целост да се обезбеди сигурност и стабилност да доколку во иднина се случат ваков тип на непогоди и настани ќе биде загарантираната законската можност за помош на земјоделците. Исто така, препорачуваме да во овој планиран процес на законски измени се утврди дека овој тип на поддршка за агро секторот ќе биде регулиран со подзаконски акт бидејќи истиот согласно правната форма се донесува од страна на одговорното лице на органот и неговото менување е во помал временски период и во поефикасна постапка. Наведеното позитивно ќе се одрази и во случај на идна можна потреба од измени во согласност со природата на овие настани и непогоди кои може да се случат и не секогаш и не сите се точно предвидени, па да може да се исплати и по тие основи финансиска помош.

За сите дополнителни информации, Ве молиме да нè контактирате на тел: 02 30 91 440 или на е-маил: info@chamber.mk, контакт лице: Маја Савеска.

Срдечно Ве поздравуваме.

Со почит,

Александар Зарков
Извршен директор
Сојуз на стопански комори на Македонија

*Подготвил:*
*Одобрил:*